Влада на Република Северна Македонија

Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост

# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕРКИТЕ ОД КОНВЕНЦИЈАТА НА ООН ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

2021 година, Скопје

# Министерство за образование и наука

| Ред. бр. на препораката | Препорака | Активност | Очекувани резултати | Надлежни институции |
|---|---|---|---|---|
| 6.в | Да се обезбеди метод за проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права | - Имплементација на новиот модел за функционална проценка на деца и млади<br>- Измена и дополнување на Законот за основно образование<br>- Усвојување на новиот Правилник за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка | - Врз основа на Правилникот за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент учениците добиваат образовна услуга врзоснова на мислење од стручните тела  за функционална проценка  по МКФ.<br>- Законот за основно образование е изменет и дополнет. | - МОН<br>- Стручни тела за функционална проценка |
| 43.б | Да  донесе план за транзиција за да се обезбеди инклузивно образование на сите нивоа, вклучително и во високообразовните институции за лицата со попреченост | - Продолжување на процесот на трансформација на посебните училишта во училишта со Ресурсен центар<br>- Трансформација на посебните паралелки во Центри за поддршка на учењето<br>- Континуирано обезбедување на образовни асистенти на учениците со попреченост, согласно МКФ стручните тела<br>- Овозможување пристап до електронска верзија на учебниците и книгите, за учениците од основно и средно образование и за студентите на високото образование | - Трансформација на посебните  училишта во основни училишта со ресурсни центри е спроведена<br>- Училиштата имаат изготвено функционална анализа<br>- Завршени се измените во статутот на училиштата<br>- Завршена промена на актите за систематизација,  предвидени се нови работни позиции за образовните асистенти<br>- Трансформацијата на посебните паралелки во центри за поддршка на учењето е спроведена<br>- Усвоен е Правилникот за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент<br>- Усвоен  е Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент | - МОН<br>- Државните универзитети во Република Северна Македонија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - Јавниот повик за ангажирање на образовни асистенти е завршен и извршена е селекција на 400 образовни асистенти<br>- Дигиталните образовни содржини се подготвени и објавени<br>- Реализиран тренинг за тренери за образовни асистенти за 36 стручни лица од ресурсните центри<br>- Спроведена обука за образовни асистенти, зајакнати капацитетите на избраните стручни лица за испорака на услугата | |
| 43.г | Да обезбеди универзална пристапност до образовните простории, вклучувајќи ги и универзитетите | - Подобрување на надворешната и внатрешната пристапност, вклучително и адаптирани тоалети, во училиштата и на универзитетите | - Подобрена пристапноста на училишните објекти<br>- Обезбедувањето на пристапноста е задолжителен услов кој треба да се исполни за добивање на финансиски средства за адаптација, реновирање или изградба на училиште со средства од МОН<br>- Реализација на Проект за непречен пристап во 14 образовни институции низ државата – 6 основни училишта, 4 средни и 4 факултети прекуАкциската програма од ИПА 2 2019 – EU for inclusion | - МОН |
| 43.в | Да обезбеди соодветна поддршка, ресурси и квалификувана обука за наставниците и помошниот персонал, за да се поттикне инклузијата, особено на учениците со интелектуална попреченост или учениците со психосоцијална попреченост и девојчиња со попреченост | - Континуирани обуки за наставниците за инклузивно образование и работа со ученици со попреченост | - Завршена обука за обучувачи за образовни асистенти со поддршка на УНИЦЕФ за 36 стручни лица од ресурсните центри<br>- Зајакнати капацитетите на наставниот кадар во училиштата каде има вклучени ученици со попреченост<br>- Зајакнати капацитетите за инклузивно образование на менаџментот на училиштата | - МОН<br>- БРО<br>- УНИЦЕФ<br>- Проект за модернизација на основното образование поддржан од Светска Банка<br>- Проект Биди Ин биди инклудиран – |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Чекор по чекор со поддршка на ЕУ |
| | Обезбедување на достапност и пристапност на образовните содржини | - Поддршка на студените со попреченост: обезбедување знаковни преведувачи, придружници, пристап до електорнска верзија на учебниците | - Содржините на ЕДУИНО платформата се со обезбеден превод (титл) на македонски и албански јазик<br>- Во употреба е ставен читач на звук за учениците со оштетен вид (слепите и слабовиднитеученици)<br>- Министерството за образование и наука ќеобезбедува учебници испечатени со Брајово писмо<br>- За да бидатучебниците и другите наставни и дактичкиматеријали достапни за учениците со попреченост, нивната електронска форма ги задоволува стандардите за е-пристапност. | - МОН<br>- УНИЦЕФ<br>- УНДП |
| | Психосоцијална поддршка на лицата со попреченост во услови на Ковид пандемија | - Екипирање на стручните служби во училиштата за основно и средно образование со тимови од најмалку тројца соработници (педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор)<br>- Поддршка во учењето на лицата со попреченост преку онлајн алатки и платформи | - Формирана телефонска линија за добивање на психо-социјална поддршка на учениците со попреченост<br>- Онлајн платформата за учениците со попреченост е интегрирана на Национална платформа за учење | - МОН<br>- Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија |

# Министерство за труд и социјална политика

| Ред. бр.на препораката | Препорака | Активност | Очекувани резултати | Надлежни институции |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 6.в | Да се обезбеди метод за проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права: | - Имплементација на новиот модел за функционална проценка на деца и млади<br>- Измена и дополнување на законот за социјална заштита<br>- Измена и дополнување на законот за детска заштита<br>- Усвојување на новиот Правилник за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка<br>- Отстапување на простории за потребите на регионалните стручни тела | - Целосно имплементиран моделот за функционална проценка на деца и млади (МКФ).<br>- Во функција на моделот започнати се со работа Националното стручно тело, две регионални стручни тела во Скопје и седум регионални стручни тела во: Струмица, Штип, Куманово, Велес, Гостивар, Битола и Охрид<br>- Законот за социјална заштита и законот за детска заштита се усогласени и се во функција на имплементација на новиот модел за функционална проценка на деца и млади | Министерство за труд и социјална политика<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за здравство |
| 8.а | Ревидирање на цела легислатива со цел да се вметнат сите форми на дискриминација поради попреченост, вклучувајќи дискриминација по повеќе основи | - Имплементирање на Закон за спречување и заштита од дискриминација<br>- Започнување со усогласување на легислатива со ЗСЗД во однос на вкупен број на закони кои треба да се усогласат<br>- Активности за изготвување на Извештај од следење на состојбата со усогласеноста на законската регулатива во соработка со Националното координативно тело усвоен на Влада<br>- Активности за донесување на Нова стратегија и Национален акциски план за еднаквост и недискриминација | - Усогласено домашното законодавство со меѓународни стандарди и Законот за спречување и заштита од дискриминација<br>- Промовирање на еднаквите можности и заштита од дискриминација | Министерство за труд и социјална политика<br>МТСП,Национално координативно тело за следење на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | состојбата со дискриминација |
| 8.в | Редовна обука на јавни и приватни чинители за недискриминација и разумно прилагодување за лицата со попреченост, а која ќе се фокусира на пристапот кон попреченоста базиран на човековите права, наместо преку традиционалниот медицински и хуманитарен пристап. | - Обуки за специјализирани услуги за жртви на родово базирано насилство и семејно насилство | - Подигнување на свеста за правата на лицата на лицата со попреченост и обврската на институциите во реализација на правата<br>- Изготвување на стандарди и процедури за даватели на специјализирани услуги за жртви на родово базирано и семејно насилство | Министерство за труд и социјална политика |
| 32.а | Да обезбедат соодветни човечки, финансиски и технички ресурси за целосна имплементација на деинституционализацијата, особено за имплементација на транзицијата кон услови за независно живеење; | -Три грант проекти за поддршка на деинституционализацијата во Специјалниот завод во Демир Капија;<br>-Развојнавон-институционални услугивозаедницата (градба+техничкапомош).<br>Поддршка за трансформација на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје<br>-Отворање на Центар за поддршка на згрижувачки семејства при Детскиот дом „11 Октомври„<br>-Отворање на Центар за поддршка на згрижувачки семејства при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца“<br>-Отворање Центар за мајки и деца при Детски дом „11 Октомври„<br>-Отворање Центар за мајки и деца при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца“– Битола<br>-Обука за вработените во Центрите за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје и Битола | - Отворање на 4 нови станбени единици за живеење со поддршка.<br>- Воспоставување на нови вон-институционални услуги во заедницата.<br>- Зголемување на интерес и зголемен број на згрижувачки семејства, вклучително и згрижувачки семејства кои ќе згрижуваат лица со попреченост. | Министерство за труд и социјална политика, Делегација на ЕУ<br>МТСП, Делегација на ЕУ<br>МТСП, УНИЦЕФ<br>МТСП, УНИЦЕФ |
| 32.б | Да осигура дека услугите во | -Отворање на дневни центри за | - Преку финансиски средства во форма на | Министерство за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14.ѓ | заедницата се достапни, пристапни, по пристапни цени, приспособени и со квалитет, со цел да овозможи лицата со попреченост да го практикуваат своето право да живеат независно и да бидат вклучени во заедницата<br><br>Да обезбеди континуирана поддршка за детето од рана помош до независно живеење | рехабилитација и ресоцијализација на лица со попреченост, воспоставување на услугата помош и нега во домот, поголем опфат на услугата лична асистенција,<br><br>Поддршка на модернизација и деинституционализација на социјални услуги<br><br>-Воспоставување на услугата одмена на семејна грижа<br><br>-Изградба на нови детски градинки/центри за ран детски развој, проширување на постоечки капацитети за детски градинки и центри за ран детски развој за воспоставување на услуги за ран детски развој за деца во социјален ризик, деца со посебни потреби и деца од ромски семејства. | грантови наменети за развој на социјални услуги со кои се одговара на потребите на ранливите категории граѓани во своите општини.<br><br>- Развој на нови социјални услуги на локално ниво<br><br>- Преку услугата на зависниот член на семејството му се обезбедува краткотрајно згрижување и помош во вршење на основните и инструменталниот активности со цел да се обезбеди одмена, одмор и време за задоволување на лични и професионални потреби на лицето кое се грижи за зависниот член.<br><br>- Децентрализација на услуги од социјална заштита при што општината и давателот на услугата ја испорачуваат услугата. | труд и социјална политика, Светска Банка, Општини, ЕПТИСА |
| 32.г | Да усвои мерки за обезбедување лична асистенција за лицата со попреченост без разлика на возраста. | Измени на Законот за социјална заштита од 2019 | - Со новите измени на Законот за социјална заштита, личната асистенција во 2021 година ќе биде достапна за деца од 6 годишна возраст | Министерство за труд и социјална политика |

# Министерство за здравство

| Ред. бр.на препораката | Препорака | Активност | Очекувани резултати | Надлежни институции/ Во соработка |
|---|---|---|---|---|
| 6.в | Да се обезбеди метод за проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права. | - Имплементација на новиот модел за функционална проценка на деца и млади (МКФ).<br>- Измена и дополнување на законот за здравствено осигурување.<br>- Усвојување на новиот Правилник за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка.<br>- Промена на систематизација и други внатрешни акти на Здравствен Дом-Скопје.<br>- Отворање на седум регионални стручни тела во градовите: Струмица, Штип, Куманово, Велес, Гостивар, Битола и Охрид. | - Целосно имплементиран моделот за функционална проценка на деца и млади (МКФ).<br>- Во функција на моделот започнати се со работа Националното стручно тело, две регионални стручни тела во Скопје и седум регионални стручни тела во: Струмица, Штип, Куманово, Велес, Гостивар, Битола и Охрид | **Надлежни:** - Министерство за здравство,<br>ЈЗУ „Здравствен дом – Скопје“.<br>**Во соработка со:**<br><br>Органите на локалната самоуправа, подрачните служби на МТСП и Јавните здравствени установи од територијата на регионалните стручни тела.<br><br>- Агенциите при претставништвото на Обединетите Нации во Република Северна Македонија (УНИЦЕФ и др.) |
| 45.б | Да ги отстрани ограничувањата во возраст за пристап до бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација, како и секакви исключоци во Законот за здравствено осигурување кој ги дискриминира лица со попреченост односно ги занемаруваат нивните | - Анализа за законските и финансиските можности за отстранување на ограничувањата во возраст за пристап до бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација<br>- Ревизија и усогласување во содржината на општите акти (правилниците и одлуките) на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија<br>- Измена на одредбата од Законот за здравствено осигурување да се | - Со Законот за изменување и дополнување на законот за здравствено осигурување објавен во „Сл.весник на РСМ, бр.275 од 27.12.2019 година во сила од 04.01.2020 година, се извршени одредени олеснувања во однос на ослободувањето од плаќањето на партиципацијата но се уште има простор за допрецизирање на | **Надлежни:** - Министерство за здравство и<br><br>- Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија<br><br>**во соработка со:**<br><br>- претставници од Невладини организации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | посебности. | прецизираат случаите на ослободување од партиципација во цената на здравствената услуга на одделни категории лица | можностите за елиминирање на ограничувањата по однос на пристапот до бесплатна здравствена заштита и соодветен третман на лицата со попреченост. | |
| 45.в | Да усвои план за обуки на здравствените работници за правата на лица со попреченост, пристапот кон попреченоста базирана на човековите права. | - Обуки за здравствени работници (патронажни сестри, доктори по општа медицина и специјалисти по семејна медицина) за рано препознавање и рана интервенција кај деца со пречки во развојот.<br>- Обуки на здравствени работници, социјални работници, полиција, обвинителство и лични асистенти, со цел имплементација на мултисекторски пристап кон родово базирано насилство врз лицата со попреченост,<br>- Ревизија на мулти-секторските упатства за постапување кон жени и девојки жртви на насилство да вклучуваат ефективни услуги и мерки за справување со родово базирано насилство врз жените и девојчињата со попреченост. | - Обучени здравствени работници за рано препознавање и рана интервенција кај деца со пречки во развојот.<br>- Обучени здравствени работници, социјални работници, полиција, обвинителство и лични асистенти за постапување кон жени и девојки, жртви на родово базирано насилство врз лицата со попреченост. | **Надлежни:**<br>- Министерство за здравство<br><br>-**во соработка со:**<br><br>- Агенциите при претставништвото на Обединетите Нации во Република Северна Македонија (УНФПА, УНИЦЕФ, УНДП и др.)<br>- Центар за семејна медицина при Медицински факултет Скопје, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Скопје<br>- Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје |
| 45.г | Да усвојат здравствени протоколи со цел да се обезбеди правото на лицата со попреченост за бесплатна и информирана согласност за здравствени третмани. | - Формирање работна група со професионалци од различни области со цел за утврдување на недостатоците во системот кој гарантира пристапност на лицата со попреченост до слободна и информирана согласност во однос на добивање на здравствени услуги.<br><br>- Организирање тркалезни маси со вклучување на стручната јавност и претставници на лицата со попреченост | - Усвоени здравствени протоколи кои обезбедуваат пристапност на лицата со попреченост до слободна и информирана согласност во однос на добивање на здравствени услуги. | **Надлежни:**<br>- Министерство за здравство<br>**во соработка со:**<br>Јавната здравствена установа „Универзитетска клиника за детски болести“ Скопје,и<br>- Јавни здравствени установи во кои се лекуваат деца со попреченост.<br>- Министерство за труд и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | за дефинирање на конкретните мерки кои треба да се преземат. | | социјална политика<br>- Агенциите при претставништвото на Обединетите Нации во Република Северна Македонија (УНФПА, УНИЦЕФ, УНДП и др.)<br><br>- Македонското лекарско друштво<br>- Асоцијацијата на медицински сестри и акушерки |
| 45.д | Да се преземат мерки да се обезбеди достапност и пристапност до здравствените установи и здравствените услуги, со отстранување на физичките препреки до здравствените установи како и да се обезбедат информации во пристапни формати за лицата со попреченост. | - Поради недостаток на општата пристапност до основните здравствени услуги неопходни за одржување на што е можно подобри животни услови на лицата со инвалидност потребни се активности за завршна подготовка на нацрт текстот за изменување и дополнување на Правилникот за потребен простор, опрема и кадар за основање, почнување со работа и вршење здравствена дејност во здравствени установи, кој треба да создаде услови за поголема и соодветна пристапност и достапност на здравствените установи за непречено користење од лицата со попреченост, после спроведено усогласување со одредбите на Законот за градба кој се уште чека на усвојување. | - Подготвена Анализа на физичката пристапност во здравствените установи во РМ.<br>- Подготовка на стандарди за обезбедување достапност и пристапност до здравствените установи и здравствени услуги во ЈЗУ-ви.<br>- Подготвени Изработени елаборати за подобрување на физичката пристапност на објектите<br>- Донесен акциски план за зголемување на пристапноста на здравствените установи<br>- Адаптирани веб страните на Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и здравствените установи во пристапен формат за лицата со оштетен вид<br>- Поставени дополнителни информативни табли на | **Надлежни:**<br>- Министерство за здравство<br><br>- Проектна единица за реконструкција и доградба на објектите на Јавните здравствени установи во Република Македонија,<br>- Управа за електронско здравство.<br>-Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи на РСМ.<br>- Фонд за здравствено осигурување на РСМ.<br><br><br>**Во соработка со:**<br>- Јапонска амбасада во РСМ, - Центар за семејна медицина при Медицински факултет Скопје,<br>- Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Скопје<br>- Сите јавни здравствени установи во Република Северна |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | здравствените установи изработени на Брајова азбука<br>- Дистрибуирани флаери, брошури и сл. со информации во пристапен формат за лицата со оштетен вид (во Браево писмо или во аудио формат).<br>- Ангажиран толкувач на знаковен јазик заради соодветен пристап до услугите за глувите лица.<br>- Мапирање за обезбедување на здравствени услуги, опрема и средства за сексуално и репродуктивно здравје на девојчиња и жени со попреченост. | Македонија |
| 45.ѓ | Да се обезбеди споделување на информациите за сексуалните и репродуктивните права во соодветни формати за сите лица со попреченост, - да се обезбеди достапноста на услугите по основ на род и возраст. | - Анализа за потребата и видот за специјализирана медицинска опрема во терцијарното здравство за потребите на лицата со попреченост, посебно за жените и децата со попреченост<br><br>- Набавка на специјализирани гинеколошки столови за жени со попреченост и стоматолошки стол за децата односно лицата со попреченост.<br><br>- Зајакнување на знаењето на здравствените работници и организациите на лица со попреченост за услугите за Сексуално и репродуктивно здравје, со акцент на планирање на семејство | - Обезбедени достапни информации за сексуалното и репродуктивно здравје во пристапни формати за лица со попреченост, вклучувајќи жени и девојчиња и користење на специјализирани услуги за девојчиња и жени со попреченост во сите делови на државата. | **Надлежни:**<br>- Министерство за здравство,<br><br>- Јавна здравствена установа „Гинеколошко Акушерска клиника“ Скопје<br><br>- ЈЗУ „Стоматолошка клиника“ Скопје<br><br>-**во соработка со**<br>Фондот за население при Обединетите Нации (УНФПА),<br><br>- Невладини организации кои работаат на платформата за сексуално и репродуктивно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - Зголемување на знаењето за сексуални и репродуктивни права и услуги за лицата со попреченост и нивните организации | | здравје на лица со попреченост. |
| 45.е | Мерки и активности за подобрување на здравствената грижа за децата со попреченост во услови на незадоволителен пристап до здравствена заштита и недостаток на специјализирани здравствени услуги за децата со попреченост. | - Подготовка за отворање на неколку Центри за рана интервенција за деца со попреченост и поддршка и нивните семејствата (најмалку по еден Центар во секој статистички плански регион во РСМ).<br><br>- За обезбедување на средства за отворање на ваквите центри за рана интервенција Министерството за здравство да се обрати до претставништвото на ЕУ во Скопје со првична намера за обезбедување на средства за изработка на физибилити студија преку механизмот на Европската унија (EU Integration facility (EUIF). | - Обезбедени превентивни прегледи на новороденчиња и доенчиња, дијагностички процедури за рано откривање, и нивно навремено и соодветно лекување со цел за заучување и подобрување на здравјето на детето, да го спречи заболувањето и појавата на нивните развојни нарушувања.<br>- Создадени  услови за рана интервенција и рехабилитација на последиците со што ќе се создадат поволни услови за елиминирање или надминување на последиците по здравјето на децата во подоцнежната возраст.<br>- Поднесена апликација до претставништвото на ЕУ во Скопје со првична намера за обезбедување на средства за изработка на физибилити студија преку механизмот на Европската унија (EU Integration facility (EUIF). | **Надлежни:**<br>- Министерството за здравство –<br><br>**Во соработка со:**<br><br>- Агенциите при претставништвото на Обединетите Нации во Република Северна Македонија (УНИЦЕФ, УНФПА,УНДП и др.),<br><br>-Здруженија на граѓани (невладини организации). |

# Министерство за информатичко општество и администрација

| Ред. бр. на препораката | Препорака | Активност | Очекувани резултати | Надлежни институции |
|---|---|---|---|---|
| 18.в | - Да осигура дека пристапот до информациските и комуникациските технологии и системи и другите објекти и услуги отворени за јавноста и јавните институции и услуги е достапен на целата територија на државата – членка | - Изработка на национален акциски пан за адаптација на веб страните со примена на стандардите за пристапност за сите владини институции и агенции | - Зголемен број на пристапни шалтери<br>- Зголемен број на веб страници со примена на стандардите, Web Content Accessibility Guidelines (WCAG) - WCAG 2.1<br>- ИКТ системите се достапни на цела територија на државата<br>- - Во тек се активности за стандардизирање на Веб страниците на Владата и министерствата кои ќе бидат потполно усогласени и ќе ги исполнуваат минимум WCAG 2.1 Level AA стандардите за пристап на лицата со сетилна попреченост | - МИОА во соработка со Владата и Националното координативно тело |
| 36.а | - Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се транспонираат одредбите за обезбедување достапност до програмите/услугите на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги за лицата со сетилна попреченост од Директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги (чл. 7) | - Формирање работна група која ќе работи на усогласување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со новата ЕУ директива<br>- Изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | - Започнат процес за усогласување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги | - МИОА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 36.а | - Да продолжат активностите за подигање на свеста за правата на лицата со попреченост | - Сензибилизација и едукација на радиодифузерите и на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање за правата и потребите на лицата со попреченост во медиумскиот простор<br>- Ангажирање на знаковни преведувачи и користење на другите алатки за обезбедување пристапност (затворени текстуални објаснувања, отворени текстуални објаснувања, титлови,<br>- тонски описи итн.)<br>- Продолжување на кампањата за подигање на свеста на јавноста за правата на лицата со попреченост | - Зголемување на обемот на достапни содржини/услуги кај медиумите.<br>- Спроведени активности од кампањата за јакнење на свесноста | - Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги<br><br>- МИОА<br>- МТСП<br>- Сојуз на слепи лица на Македонија |
| 36.а | - Да им се препорача на медиумите да ги направат своите веб страни достапни за лицата со сетилна попреченост | - Испратена препорака од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да ги направат своите веб сајтови достапни за лицата со сетилна попреченост<br>- Испратена препорака од Советот за етика во медиумите на Македонија и од Здружението на новинари на Македонија до печатените и интернет медиумите да ги направат своите веб сајтови достапни за лицата со сетилна попреченост | - Зголемен број на медиуми на кои е применет стандардот WCAG 2.1.<br>- При стандардизирање на веб сајтовите им е обезбеден пристап на лицата со попреченост | - Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги<br>- Совет за етика во медиумите на Македонија<br>- Здружение на новинари на Македонија |

# Министерство за финансии

| Ред. бр.на препораката | Препорака | Активност | Очекувани резултати | Надлежни институции |
|---|---|---|---|---|
| 18.а | - Да ја разгледа својата легислатива со цел да обезбеди задолжителна примена на стандардите за пристапност во сите области, особено за објекти, транспортни услуги, други простории и услуги отворени за јавноста, и информатички и комуникациски технологии и системи, и да воведе строги санкции за оние кои нема да ги применат | - Да воспостави „минимални стандарди за пристапност“ на банкарските услуги кои ги даваат приватните финансиски институции за лицата со оштетен вид и со други видови попреченост<br>- Консултации со банкарскиот сектор - сите ново набавени банкомати и други банкарски услуги да бидат целосно пристапни за лицата со оштетен вид и со други видови попреченост | - Одржани состаноци и консултации со банкарскиот сектор<br>- Сите ново набавени банкомати и други банкарски услуги се пристапни за лицата со оштетен вид и со други видови попреченост | - Министерство за финансии и Македонска Банкарска Асоцијација<br>- Народна Банка |

# Министерство за култура

| Ред. бр. на препораката | Препорака | Активност | Очекувани резултати | Надлежни институции |
|---|---|---|---|---|
| 55 | - Да се ратификува Договорот од Маракеш за олеснување на пристапот до објавени дела за лица кои се слепи, лица со оштетен вид и лица на друг начин попречени да користат печатени материјал | - Измени и дополнувањата на Законот за авторското право и сродните права<br>- Работилница на Инструментот за техничка помош и размена на информации на Европската комисија – ТАИЕКС<br>Измените и дополнувањата на Законот за авторското право и сродните права, се подготвени во насока на хармонизација со Директивата 2014/26/ЕС за колективно управување, Директивата 2011/77/ЕУ за изменување на Директивата 2006/116/ЕУ за времетраењето на заштитата на авторското право и сродните права, Директивата 2012/28/ЕУ за дозволено користење на делата сираци како и одредби во насока на спроведување на **Договорот од Маракеш** | - **Рокот** за влегување на измените и дополнувањата на Законот во владина процедура е **јуни 2021 г.** | - Министерство за култура<br>- НКТ |
| 55 | - Да преземе чекори да го поддржи и охрабри учеството на лицата со попреченост, вклучувајќи ги и децата, во културни, рекреативни, слободни и спортски активности | - Финансиска поддршка на проекти поднесени од организации на лица со попреченост во рамките на годишните конкурси за финансирање проекти и манифестации од национален интерес во културата | - Едукација и директно вклучување на лица со попреченост во активности преку Национални културни установи, здруженија на граѓани и сл.<br>- Преку годишната програма на Министерството за култура за 2021, вкупно одобрени проекти се 34 од драмска, музичка и сценско-уметничка дејност, фолклорна дејност, меѓународна дејност, литература и издавачка дејност, музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство, библиотечна дејност, интердисциплинарна дејност, со вкупен износ од **5,494,166** денари. | - Министерство за култура |

# Министерство за локална самоуправа

| Ред. бр. на препораката | Препорака | Активност | Очекувани резултати | Надлежни институции |
|---|---|---|---|---|
| 20.г<br><br>35.б | - Да усвои национален акциски план за имплементирање на стандардите на пристапност во блиска консултација со организациите за лица со попреченост, со јасно дефинирани временски рамки, одредници за следење и евалуација.<br><br>- Да осигура дека услугите во заедницата се достапни, пристапни, со цел да овозможи лицата со попреченост да го практикуваат своето право да живеат независно и да бидат вклучени во заедницата | - Усвојување и имплементирање на новата Програма за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2021-2026 година, со Акциски план. | - Подобрување на пристапноста во сите јавни установи во единиците за локална самоуправа и другите институции кои се под надлежност на Министерство за локална самоуправа: надворешна и внатрешна пристапност (изградба на пристапни рампи на влезовите, внатрешна пристапност- лифтови, рампи покрај скалилата, адаптирани тоалети, адаптација на веб страните на општините во пристапен формат за слепите лица да имаат пристап до информациите кои ги нудат истите, поставување дополнителни информативни табли во институциите отворени за јавноста, изработени на Брајова азбука) | - Министерство за локална самоуправа<br>- ЗЕЛС<br>- Организации на лица со попреченост |